ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Скопје, ноември 2020 година

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

Примено: E pranuar:	20. 11. 2020		
Орг. единица Njësia Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	4130/1		

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност.

ПРАТЕНИЦИ:

1. Жаклина Лазаревска
2. Ariber Ademi
3. Јован Митрески
4. Рамчиловиќ Зиир
5. Марија Коштодинова
6. Драгица Гавриловна
7. Даниела Колева
8. Бисера Константинова

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), се уредуваат начелата, целите, јавниот интерес, остварувањето на научно-истражувачката дејност, субјектите на научно-истражувачката дејност и начинот на финансирање на научно-истражувачката дејност. Со овој закон се утврдуваат и субјектите на организирање и управување со научноистражувачката дејност и условите за вршење на оваа дејност.

Во Глава девет се уредуваат научните звања, начинот на избор и засновање на работен однос.

Со Предлог на законот за дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност се предлага дополнување со нов член 45-е, кој по исклучок ја регулира можноста за продолжување на работниот однос на лицето избрано во научно звање заради континуирано вршење на дејноста во јавните научни установи.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот чие донесување се предлага, се заснова на истите начела на кои е заснован и основниот текст на Законот за научно-истражувачка дејност и со истиот согласно прописите од областа на работните односи се прекинува договорот за вработување на лицето избрано во научно звање, но и се остава можност во точно уредена постапка заради континуирано вршење на дејноста во јавните научни установи да може истиот да се продолжи .

III.ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност нема фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон за дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија како и за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2008, 103/2008, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 257/20), се додава нов член 45-е кој гласи:

„Член 45-е

(1) На лицето избрано во научно звање му престанува работниот однос согласно прописите за работни односи.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради непречено вршење на дејноста на научната установа, по претходно барање на работникот, а со согласност со советот на установата, еднаш годишно може да се продолжи договорот за вработување на лицето избрано во научно звање, до завршување на учебната година во која ги исполнува условите за стекнување старосна пензија или најмногу до завршување на учебната година во која полни 67 години возраст.

(3) Барањето за продолжување на работниот однос од ставот (2) на овој член, се поднесува еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната година.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА
ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предлог законот за дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност има два члена.

Со членот 1 се додава нов член 45-е со кој се дефинира прекин на договорот за вработување согласно прописите од областа на работните односи.

Во ставот (2) се предлага исклучок од ставот (1) на овој член како можност работодавачот на лицето избрано во научно звање да му го продолжи договорот за вработување до завршување на учебната година во која ги исполнува условите за пензија или договорот за вработување да може да го продолжи најмногу до завршување на учебната година во која полни 67 години возраст, за што лицето поднесува барање со цел да може да се овозможи непречено функционирање на високообразовните установи.

Со ставот (3) е уредено кога се поднесува барањето за продолжување на работниот однос.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение на Законот за научно-истражувачка дејност се уредува престанокот на работниот однос на лицата избрани во научно звање и исклучокот кога работодавачот може да го задржи вработениот најмногу до завршување на учебната година во која лицето полни 67 години возраст, заради овозможување на непречено функционирање на јавните научни установи установи.

ОДРЕДБА ОД ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

КОЈА СЕ ДОПОЛНУВА

Член 45-ѓ

Директорот на јавната научна установа, по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација, како и по претходна согласност од Министерството за образование и наука донесува годишен план за вработување во јавните научни установи за следната година, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.